**20130922211**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 257 од Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/2005, 4/2008, 48/2010, 158/2010, 44/2011, 53/2011, 11/2012 и 171/2012), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 24.6.2013 година, донесе

# У Р Е Д Б А
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИОТ ЗАКОН

Член 1

Во Уредбата за спроведување на Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/05, 73/06, 40/07, 62/07, 42/09, 48/09, 38/10, 46/10, 61/10, 141/11, 147/11, 158/11, 14/12 и 2/13), во член 204-а во ставот 3 зборовите „Одредбите на членовите 4, 5, 36, 39, 40, 42 став (1), 43, 47, 49, 50 став (3) потстав 1), 52, 61, 83, 87 до 107, 109 до 116, 118 до 124, 126 до 155, 158 и 184 од Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за спроведување на Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија“, бр. 141/11), ќе отпочнат да се применуваат од 1 јуни 2013 година, а одредбите“ се заменуваат со зборот „Одредбите“.

Член 2

Одредбите на членовите 4, 5, 36, 39, 40, 42 став (1), 43, 47, 49, 50 став (3) потстав 1), 52, 61, 83, 87 до 107, 109 до 116, 118 до 124, 126 до 155, 158 и 184 од Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за спроведување на Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија“, бр. 141/11), од денот на влегување во сила на оваа Уредба нема да се применуваат до 1 март 2014 година.

Член 3

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 41-4128/1
24 јуни 2013 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.